SIGAL MK Insurance Group

Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202-21/1
16.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## Член 1

Се усвојуваат измените на **I Општи услови за осигурување на воздухоплови бр. 06/04-3 од 15.10.2004 година.**

1. Во Членот 5 од Општи услови за осигурување на воздухоплови, кои се применуваат за авио-каско и авио-одговорност **се додава нова точка 13**. која гласи

   „**13.** *Договорувачот, осигуреникот, корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови. Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.*"

2. **Се додава нов Член 10** кој гласи:

   *„Член 10*
   *Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи"*

3. **Се додава нов Член 11** кој гласи:

   *„Член 11 Надлежност на судот*

   *Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот, осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје."*

4. **Се додава нов Член 12** кој гласи

   *„Член 12 Доверливост и заштита на личните податоци*

   *(1) Друштвото за осигурување е должно сите податоци за осигурениците и/или други корисници на осигурување со кои се стекнале во текот на вршењето на работи на осигурување, да ги третираат како доверливи податоци. (2) Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во следниве случаи: 1) ако податоците се потребни за утврдување на факти во кривични постапки или друга судска постапка и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци; 2) во случаи предвидени со Законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам; 3) ако податоците се потребни за одредување на правните односи меѓу друштвото за осигурување и негов осигуреник и/или друг корисник на осигурувањето при спроведување на законски*

*постапки; 4) ако податоците се потребни заради извршување на присилни постапки над недвижен имот на осигуреник или друг корисник на осигурувањето, и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци; 5) ако податоците се побарани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување или друг надлежен орган за супервизија, а заради спроведување на супервизија во рамките на утврдените одговорности; 6) ако податоците се побарани од страна на даночен орган, а во врска со водење на постапки во негова надлежност и 7) во случаите предвидени со законот кој го уредува задолжителното осигурување. (3) Осигурувачот постапува исклучиво по поднесено писмено барање од барателот на информацијата (4) Осигурувачот во однос на личните податоци кои ги поседува постапува согласно важечкиот Закон за заштита на личните податоци, Законот за супервизија на осигурување и други законски и подзаконски акти од оваа област."*

5. **Се додава нов Член 13** кој гласи:

„ *Член 13 Завршни одредби*

*(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до 1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување ( комисија за постапување по претставки); 2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување; 3. Организацијата за заштита на потрошувачи и 4. Агенцијата за супервизија на осигурување. Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката. Преставката може да се поднесе во писмена форма лично или преку полномошник, директно во архивата на Друштвото на адреса на седиштето, по пошта или електронски пат на маил адресата info@sigal.com.mk, или во било која подружница на Друштвото. Доколку спорот не решен во постапка по приговор ,секоја од страните во спорот може да и предложи на другата страна поведување на постапка за посредување согласно прописите кои ја уредуваат оваа постапка Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува агенцијата за супервизија на осигурувањето. За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи. (2) Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи."*

**Член 2**

Се усвојуваат измените на **II Услови за осигурување авио-каско и авио-одговорност бр. 06/04-3 од 15.10.2004 година.**

2. Се менува Член 10 Надлежност на судот и во иднина ќе гласи:

*Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот, осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.*

**Член 3**

Се усвојуваат измените на **III Услови за осигурување сопственикот односно корисникот на воздухоплов од одговорност за штети нанесени на трети лица**

**Член 4**

1. Во Членот 14 „Надлежност на судот" реченицата ***„****За евентуален спор по ова осигурување, ќе биде надлежен судот во седиштето на осигурувачот, ако со полисата за осигурување поинаку не е договорено****"*** се заменува со реченицата ***„****Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје."*

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

**Член 6**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена и дополнување на постојните услови во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети, дефинирање на застарувањето на побарувањата, дефинирање на надлежен суд, доверливост и заштита на лични податоци и право на приговор.

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи

SIGAL Insurance Group
МК Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција